Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул. 50 Дивизија бр.6, Скопје www.iph.mk
Жиро сметка: 300000000821044 Телефон: (02) 3125 044, 3223 354, 3226 510 Факс: 3223 354

Скопје, 27.03.2013 год.

ПРЕДМЕТ Бр. 10-1089

**ДО**
**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,**
**СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЕСЕ**
**Ул. "Максим Горки" бр. 20/1-4**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на извештај по однос на извршените активности за рано откривање и спречување на ракот на грлото на матката кај жените во Република Македонија, предвидени во Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2012 година.

Во врска со Вашето писмо бр.3.3-03/13-1 од 14.03.2013 година,Ви доставуваме Извештај за извршените активности за рано откривање на ракот на грлото на матката кај жените во Република Македонија на возраст од 24-35 години за 2012 година, кој Институтот за јавно здравје на Република Македонија го има подготвено и доставено до Министерството за здравство, како редовна задача предвидена со Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2012 година.

**Со почит,**

Прилог:Извештај и Табела

Подготвил:Прим.д-р Стефанка Перева
Одобрил: Проф.д-р Елена Ќосевска

**В.Д. ДИРЕКТОР,**
**Ас. д-р Шабан МЕМЕТИ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА СКРИНИНГ НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА КАЈ ЖЕНИТЕ ОД 24-35 ГОДИНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2012 ДО 01.12.2012

Согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2012 година и активностите предвидени со Програмата за рано откривање и спречување на ракот на грлото на матката во Република Македонија, Ви доставуваме извештај за реализирани активности за скринингот на ракот на грлото на матката во Република Македонија кај жените на возраст од 24-35 години, за период од 01.04.2012 до 01.12.2012 година. Во Табела 1 во прилог се прикажани податоците за секој Центар за јавно здравје во Републиката поединечно и вкупно.

Табела 1 ги покажува реализираните активности од организираниот скриниг од ракот на грлото на матката во 10-те Центри за јавно здравје во Република Македонија од 01.04.2012 година до 01.12.2012 година. Всушност, податоци од првиот квартал нема, затоа што во 2012 година Владата на Република Македонија донесе Програма за рана детекција на малигни заболувања која стартуваше од 01.04.2012 година, па согласно Програмата активностите се реализирани од 01.04.2012 година.

Во Република Македонија вкупно за скрининг на рак на грлото на матката на возраст од 24-35 години во период од 01.04.2012 до 01.12.2012 година се поканети 37843 жени од вкупно 188178 жени на оваа возраст кои се подлежни жени на скрининг според Програмата. Од вкупниот број на жени во Републиката на возраст од 24-35 години 188178, во период од 01.04.2012 до 01.12.2012 година со скринингот се опфатени 20.1%.

Од 37843 вкупни поканетите жени, 1164 покани или 3,1% се вратени покани од различни причини. Најнизок процент на вратени покани од 0.6% има во Центарот за јавно здравје во Охрид, а највисок со 11,1% вратени покани од вкупно поканетите има во Центарот за јавно здравје во Прилеп.

Вкупно во сите Центри за јавно здравје примиле покана 36679 жени. Процентот на жени кои примиле покана од вкупно поканетите, во сите центри за јавно здравје задоволува и изнесува над 90%, освен во Центарот за јавно здравје во Прилеп каде е 88,9%.

Вкупно во сите центри за јавно здравје процентот на жени кои добиле покана, а не се јавиле на преглед е 52,0%, што значи дека не биле доволно информирани. Најголем е процентот на жени кои добиле покана, а не се јавиле на преглед, во Центарот

за јавно здравје во Велес и изнесува 87.3%, а најмал со 1.4% е во Центарот за јавно здравје во Струмица.
Прегледани се и направен е ПАП тест на 17595 жени или 46,5% од поканетите и 48,0% од оние кои примиле пакана. Цитолошки се анализирани 15609 брисеви или 41.2% од поканетите и 88.7% од прегледаните жени. Од цитолошки анализираните брисеви, кај 8.0% се најдени епителни клеточни абнормалности (Табела 1- во прилог).

## ЗАКЛУЧОК

1. Од вкупниот број на жени во Републиката на возраст од 24-35 години 188178 во период од 01.04.2012 до 01.12.2012 година со скринингот се опфатени 20.1%.

2. Од вкупно прегледаните жени 17595, кај кои е направен Пап тест на возраст од 24-35 години за период од 01.04.2012 до 01.12.2012 година кај 7.1% се откриени епителни клеточни абнормалности.Од вкупно цитолошки анализираните брисеви 15609 кај 1251 жена или 8,0% се откриени епителни клеточни абнормалности, што зборува за оправданост на Програмата, чија цел е рано и навремено откривање и спречување на ракот на грлото на матката во латентната и/или раната симптоматска фаза. На овој начин ќе се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во Република Македонија, што е и основна цел на оваа Програма.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СКРИНИНГ НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА КАЈ ЖЕНИТЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА НА ВОЗРАСТ ОД 24-35 ГОДИНИ ОД 01.04. 2012 ДО 01.12.2012

**Табела 1**

| | Број на поканети жени | Број на вратени покани од различни причини | Број на жени кои примиле покани | % на жени кои добиле покана а не се јавиле на преглед | Број на прегледани жени, односно број на направени ПАП тестови | Цитолошки анализирани брисеви | Број на откриени клеточни абнормалноси | % на откриени епителни клеточни абнормалности од прегледаните жени | % на откриени епителни клеточни абнормалности од цитолошки анализираните брисеви |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 4529 | 31 | 4498 | 39,9 | 2705 | 2643 | 134 | 5,0 | 5,1 |
| Прилеп | 766 | 85 | 681 | 21,4 | 535 | 478 | 31 | 5,8 | 6,5 |
| Куманово | 3473 | 28 | 3445 | 40,8 | 2040 | 1994 | 379 | 18,6 | 19 |
| Струмица | 1821 | 126 | 1695 | 1,4 | 1672 | 1672 | 63 | 3,8 | 3,8 |
| Тетово | 6187 | 110 | 6077 | 72,2 | 1505 | 389 | 10 | 0,7 | 2,6 |
| ПЕ Гостивар | 817 | 20 | 797 | 56,3 | 348 | 322 | 9 | 2,6 | 2,8 |
| Битола | 6983 | 102 | 6881 | 47,0 | 3646 | 3237 | 199 | 5,5 | 6,1 |
| Штип | 1322 | 23 | 1299 | 5,8 | 1224 | 1110 | 136 | 11,1 | 12,3 |
| Охрид | 3194 | 18 | 3176 | 55,3 | 1419 | 1419 | 167 | 11,8 | 11,8 |
| Велес | 6540 | 528 | 6012 | 87,3 | 942 | 942 | 23 | 2,4 | 2,4 |
| Кочани | 2211 | 93 | 2118 | 26,4 | 1559 | 1403 | 100 | 6,4 | 7,1 |
| Вкупно во сите ЦЈЗ | 37843 | 1164 | 36679 | 52,0 | 17595 | 15609 | 1251 | 7,1 | 8,0 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија

**Табелата ги покажува реализираните активности од организираниот скрининг од ракот на грлото на матката во10- те Центри за јавно здравје во Република Македонија од 01.04.2012 до 31.11.2012 година.**
**Всушност, податоци од првиот квартал нема, затоа што во 2012 година Владата на Република Македонија донесе Програма за рана детекција на малигни заболувања која стартуваше од 01.04.2012 година, па согласно Програмата активностите се реализирани од 01.04.2012 година.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
на Република Македонија
Бр. 04-4150/5
25-10 2013 год.
СКОПЈЕ

ДО

ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ
ул.Максим Горки бр.20/1-4 СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Доставување на информации

ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ – Скопје, Ви ги доставува следниве информации со предмет бр.04-4150; 04-4150/1; 04-4150/2; 04-4150/3 и 04/4150/4 од 25.10.2013 година.

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
на Република Македонија
СКОПЈЕ

Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул. 50 Дивизија бр.6, Скопје www.iph.mk
Жиро сметка: 300000000821044 Телефон: (02) 3125 044, 3223 354, 3226 510 Факс: 3223 354

Скопје 25.10.2013 год.

ПРЕДМЕТ Бр. 04-4150

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информација

**ДО:** Здружението за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на Р.М
Ул.Максим Горки бр.20/1-4 Скопје

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје согласно Решение бр.07-439 од 02.10.2013 година од Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер е задолжено на барателот Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија – ЕСЕ Скопје да му достави информација за "Книга на излезни фактури за период од 01 јануари до 31 декември 2012, каде се евидентирани сите фактури кои Институт за јавно здравје ги има доставено до Министерство за здравство за извршени активности од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Р.М за 2012 (Компонента 1 – Рак на грло на матка)"

По наведеното Решение ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М го известува барателот на информацијата дека по наведеното барање ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М има доставено една фактура по наведената програма и истата е доставена преку архива на Министерството за здравство на 21.12.2012 година.

**ВД Директор**

**Асс.Д-р.Шабан Мемети**

**Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ул. 50 Дивизија бр.6, Скопје www.iph.mk

Жиро сметка: 300000000821044 Телефон: (02) 3125 044, 3223 354, 3226 510 Факс: 3223 354

Скопје, 25.10.2013 год.

ПРЕДМЕТ Бр 04-4150/1

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информација

**ДО:** Здружението за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на Р.М
Ул.Максим Горки бр.20/1-4 Скопје

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје согласно Решение бр.07-438 од 02.10.2013 година од Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер е задолжено на барателот Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија – ЕСЕ Скопје да му достави информација за “Копија од фактури кои ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје ги доставил до Министерство за здравство по однос на извршени договорни услуги (активности) за рано откривање и спречување на болести за репродуктивни органи кај жената во Република Македонија (Рак на грло на матка) предвидени во Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Р.М за 2012 година”

Согласно наведеното Решение ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М на барателот на информацијата му доставува копија од фактура 1/С од 21.12.2012 година која е единствена фактура која е фактурирана по наведената програма и истата е доставена преку архива на Министерството за здравство на 21.12.2012 година.

**Прилог:** Копија од фактура 1/С од 21.12.2012 година на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ Република Македонија СКОПЈЕ

**ВД Директор**

**Асс.Д-р.Шабан Мемети**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ј.З.У.ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
ул.50 Дивизија бр.6 - 1000 Скопје, Пошт.фах 577
Тел.: 3125-044, 3112-174 Факс:3223-354
Сметководство: 3112-174

Трезорска сметка 100000000066005
Банка НРБМ
Сметка на буџетски корисник 6602500053-531-56
Приходна шифра 723819
Програма 00
**Ф-РА 1/С**

Скопје **21.12.2012**

ДО
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА РМ**
**СКОПЈЕ**

| Реден број | ИМЕ НА ПРЕГЛЕДОТ-УСЛУГАТА | Количина | Единечна цена | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | *Извештај согласно Програмата за рана Детекција на малигни заболувања во Р.Македонија за 2012 година* | 1 | 300.000,00 | 300.000,00 |
| | Ослободени согласно член 23 точка 10 од ЗДДВ и член 51 став 1 од ЗДДВ. | | | |
| | **Вкупно:** | | | **300.000,00** |

Со зборови тристаилјадиденари
Рекламации се примаат во рок од 5 дена од денот на фактурирање. Плаќање во рок од 8 дена од денот на фактурирање, во спротивно пресметуваме затезна камата од ___%.
**За ненавремено плаќање следи тужба без опомена.**

**Пресметал,** **Ликвидирал,** **ШЕФ НА СМЕТКОВОДСТВО**

**Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ул. 50 Дивизија бр.6, Скопје www.iph.mk

Жиро сметка: 300000000821044 Телефон: (02) 3125 044, 3223 354, 3226 510 Факс: 3223 354

Скопје 25.10.2013 год.

ПРЕДМЕТ Бр. 04-4150/2

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информација

**ДО:** Здружението за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на Р.М
Ул.Максим Горки бр.20/1-4 Скопје

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје согласно Решение бр.07-440 од 02.10.2013 година од Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер е задолжено на барателот Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија – ЕСЕ Скопје да му достави информација за "Копија од изводи на сметката на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М каде се евидентирани сите приливи на сметката на Институтот од Министерство за здравство по основ на извршени услуги од Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Р.М за 2012 година (Компонента I Рак на грло на матка)"

Согласно наведеното Решение ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М на барателот на информацијата му доставува копија од Извод на промет и состојба на сметка бр.248 од 28.12.2012 година кога е извршено плаќање по фактура 1/С од 21.12.2012 година за извршени услуги по Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Р.М за 2012 година.

**Прилог:** Копија од Извод на промет и состојба на сметка бр.248 од 28.12.2012 година на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М

**ВД Директор**

**Асс.Д-р.Шабан Мемети**

| Извод на промет и состојба на сметка | Број: 248 | | |
|---|---|---|---|
| **ТС** | **Сметка** | **Назив на сметката** | **Депонент** |
| 100000000066005 | 660250005353156 | СОПСТВЕНИ-ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РМ - СКОПЈЕ | Народна банка на Р М |

| Датум | Почетно салдо | Вкупно прилив | Вкупно одлив | Крајно салдо |
|---|---|---|---|---|
| 28.12.2012 | [redacted] | [redacted] | [redacted] | [redacted] |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 100000000063095 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 50 | [redacted] | 0.00 | 4030982108064 | 100000000063095 425410 190010043463710 741112 | ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ |
| 100000000063095 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 50 | [redacted] | 0.00 | 4030990253804 | 100000000063095 425410 190010043463710 741112 | ПРОГР ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ |
| 100000000063095 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 50 | [redacted] | 0.00 | 4030990253804 | 100000000063095 425410 190010043463710 741112 | ПРОГР ЗА БРУЦ |
| 100000000063095 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 50 | 300000.00 | 0.00 | 4030990253804 | 100000000063095 425410 190010043463710 741112 | ПРОГР ЗАРАНА ДЕТ НА МАЛ ЗАБОЛ |
| 100000000063095 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 50 | [redacted] | 0.00 | 4030990253804 | 100000000063095 425410 190010043463710 741112 | ПРОГР.ЗА ПРЕВЕНТ.ЗДРАВСТ В.ЗАШТИТА |

**Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ул. 50 Дивизија бр.6, Скопје www.iph.mk
Жиро сметка: 300000000821044 Телефон: (02) 3125 044, 3223 354, 3226 510 Факс: 3223 354

Скопје, 25.10.2013 год.

ПРЕДМЕТ Бр 04-4150/3

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информација

**ДО:** Здружението за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на Р.М
Ул.Максим Горки бр.20/1-4 Скопје

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје согласно Решение бр.07-441 од 02.10.2013 година од Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер е задолжено на барателот Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија – ЕСЕ Скопје да му достави информација за "Копија од квартални извештаи кои ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје ги примил од сите поединечни цитолошки лаборатории од јавно здравствениот сектор и цитолошки лаборатории кои имаат склучено договор со ФЗОМ за извршување на здравствена услуга читање на ПАП тестови, по однос на извршени договорни услуги (активности) за рано откривање и спречување на болести на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија (Рак на грло на матка) предвидени во Програмата за рана детекција на малигни заболувања во РМ за 2012 година"

Согласно наведеното Решение ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М го известува барателот на информацијата дека ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М не ги поседува бараните квартални извештаи, ЈЗУ ИЈЗРМ од Центрите за јавно здравје добива збирни извештаи за скрининг на ракот на грлото на матката кај жените во Р.М согласно Програрамата за рана детекција на малигни заболувања во Р.М за 2012 година и активностите предвидени со Програмата за рано откривање и спречување на болести на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија.

Цитолошките лаборатории квартални извештаи ги доставуваат до Центрите за јавно здравје, а кои истите ги доставуват до Министерство за здравство на Р.М - Сектор за превентивна медицина каде може да се обратите за подетални информации.

**ВД Директор**

**Асс.Д-р.Шабан Мемети**

Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул. 50 Дивизија бр.6, Скопје www.iph.mk
Жиро сметка: 300000000821044 Телефон: (02) 3125 044, 3223 354, 3226 510 Факс: 3223 354

Скопје, 25.10.2013 год.

ПРЕДМЕТ Бр. 04-4150/4

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информација

**ДО:** Здружението за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените на Р.М
Ул.Максим Горки бр.20/1-4 Скопје

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје согласно Решение бр.07-438 од 02.10.2013 година од Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер е задолжено на барателот Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија – ЕСЕ Скопје да му достави информација за "Копија од квартални извештаи кои ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М Скопје ги примил од сите поединечни цитолошки лаборатории од јавно здравствениот сектор и цитолошки лаборатории кои имаат склучено договор со ФЗОМ за извршување на здравствена услуга читање на ПАП тестови, по однос на извршени договорни услуги (активности) за рано откривање и спречување на болести на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија (Рак на грло на матка) предвидени во Програмата за рана детекција на малигни заболувања во РМ за 2012 година"

Согласно наведеното Решение ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М го известува барателот на информацијата дека ЈЗУ Институт за јавно здравје на Р.М не ги поседува бараните квартални извештаи, ЈЗУ ИЈЗРМ од Центрите за јавно здравје добива збирни извештаи за скрининг на ракот на грлото на матката кај жените во Р.м согласно Прогарамата за рана детекција на малигни заболувања во РМ за 2012 година и активностите предвидени со Програмата за рано откривање и спречување на болести на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија.

Цитолошките лаборатории кварталните извештаи ги доставуваат до Центрите за јавно здравје кои истите ги доставуват до Министерство за здравство на Р.М - Сектор за превентивна медицина каде може да се обратите за поедталните информации.

ВД Директор

Асс.Д-р.Шабан Мемети